11 јули 2025 | 16:06 | Пишува: Z P

# Убиен припадник на АРМ во Батинци – Осомничен жител на селото пукал кон возило во движење

Актуелно Македонија




Тешко убиство се случи во скопската населба Батинци утринава, каде животот го загуби педесетгодишен припадник на Армијата на Република Македонија. Според официјалните информации од Министерството за внатрешни работи, жртвата е лице со иницијали А.М., кој во моментот на нападот управувал патничко возило марка „Киа“ на влезот од селото.

Инцидентот бил пријавен во СВР Скопје околу 10:15 часот, кога било пријавено дека лице со иницијали М.Џ. пукало кон автомобилот во движење. А.М. се здобил со прострелни рани во пределот на градниот кош и бил итно пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски“, но, за жал, лекарите само можеле да ја констатираат смртта во 11:00 часот.

Од Министерството за одбрана и Армијата потврдија дека убиениот бил активен припадник на АРМ, но во моментот на трагичниот настан не бил на служба, туку користел слободен ден. Армијата изрази длабоко сочувство до семејството на загинатиот колега и нагласи дека целосно ќе соработува со надлежните институции во расветлувањето на случајот.

На местото на инцидентот увид извршиле јавен обвинител, екипи од МВР и дежурната служба на Воената полиција.

Мотивите за нападот засега не се официјално познати, а осомничениот М.Џ. е идентификуван од страна на полицијата. Се очекуваат дополнителни информации од истрагата која е во тек.

Претходна објава

Арсовска излезе од Ургентен центар со потресни сведоштва: „Полицајци гледаа како ме клоца и ми се заканува со силување, не преземаа ништо“

Следна објава

Осомничен функционер на ДУИ за подметнување пожари – При претрес пронајдени пиротехника и запаливи материјали

## Последни објави


Две ноќни експлозии и пожар во Битола – Мета бил висок полициски службеник


Активисти на Левица од Центар и Карпош самостојно го обновија просторот кај Летната сцена „Лепеза“


Кина претстави нов тип амфибиски борбени возила – Технолошки напредни „тенк-чамци“ за копнено-водени операции


Локален културен календар или кога ентузијазмот е посилен од бирократијата

## Може да ве интересира


Македонија
Две ноќни експлозии и пожар во Битола – Мета бил висок полициски службеник
12 јули 2025 Прочитај повеќе →


Македонија
Активисти на Левица од Центар и Карпош самостојно го обновија просторот кај Летната сцена „Лепеза“
12 јули 2025 Прочитај повеќе →


Свет
Кина претстави нов тип амфибиски борбени возила – Технолошки напредни „тенк-чамци“ за копнено-водени операции
12 јули 2025 Прочитај повеќе →


Локален
ентузија:
12 јули 2025



© 2025 Антропол. Сите права задржани.